

САВО КОСТАДИНОВСКИ

***СО ХЕРОЈСКА ПОЧИТ ЗА ХЕРОЈОТ***

(На Димо Грозданоски (1851-1904) од Г. Крушје Македонски револуционер и организатор на ВМРО во Порече)

Безвременско е времето

кое ја памети

храброста на херојот

Но, сè уште немаме спокој

всушност со мислите не сме далеку

од тебе херoју Димо

и сè уште меѓу нас и твоето време

постои истиот сон

за сигурна и среќна иднина

Зашто,

сè уште историјата плаче

по поделеното небо над Македонија

Зашто,

сѐ уште неправдите се слепи

во очите на векот црн

Впрочем,

сѐ уште твоите татковински искушенија

во нашите мисли се множат

пред замислените времиња

кои гледаат во нас

штом уште го дишиме воздухот

од ехото

на твоите комитски песни

и сѐ уште сме на трновитиот пат

со истрајот и непокорот

на твоето и нашево време

и со завет

да нема парчење

на нашето етничко ткиво.